Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр 08-452/8
11. 12. 2025 год.
ГРАДСКО

ОПШТИНА ГРАДСКО

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГРАДСКО

## 2026 ГОДИНА

Градско, ноември 2025

## I. ВОВЕД

Остварувањето на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Градско се заснова на примената на **Законот за социјална заштита** („Службен весник на РСМ“ бр.104/19) и **Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита**(„Службен весник на РСМ “ бр.146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, бр.163/21, бр.294/21,бр.99/22, бр.236/22, Одлуката на Уставниот суд У.бр.27/2020 и У.бр.289/2020 објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.273/22 и бр.65/23, **Законот за здравствена заштита**(„Службен Весник на РМ'' бр.43/2012 година и измените и дополнувањата во Службен весник на РМ бр.145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/16 и 37/16, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 49/2016, бр. 93/17, бр.20/19, бр.101/19, бр.153/19, бр.180/19, бр.275/19 , бр.275/19, бр.77/21, бр.122/21, бр.178/21, бр.150/22,бр.236/22 и бр.199/23), **Законот за заштита на деца** („Службен Весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19, 275/19, 311/20, бр.294/21, бр.150/22, бр.236/22 и бр.236/22)**.**

Според овие закони, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на здравствена, социјалната заштита и заштита на децата, преку донесување **сопствени Програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита** (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, децата со еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита), **заштита на децата** (преку згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација, други облици на детска заштита) и **здравствената заштита** (во поглед на унапредување на здравјето, превентвни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа и сл.) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти.

Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата, од особена важност е **Законот за Локалната самоуправа** каде во член 22 (став 7), општините помеѓу другото, се надлежни и за **Социјална заштита и заштита на деца**, а согласно член 22 (став 9) произлегува надлежноста на општината од областа на **здравствената заштита.**

Целта на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на здравствена, социјална заштита и заштита на децата, кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Исто така, во планирањето на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата на локално ниво свое значење има и **Законот за меѓуопштинска соработка**, согласно кој општините можат да основаат заеднички јавни установи. Во Општина

Градско преку меѓуопштинска соработка функционира клон на Детската градинка Димче Мирчев – Велес.

## II. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- спречување на социјална исклученост;
- подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

## ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ТЕКОТ НА 2026 ГОДИНА

1. **Финансиска поддршка на членови на социјално загрозени семејства во случај на соочување со болест или елементарна непогода**

   Овие средства ќе се исплаќаат врз основа на поднесено барање од страна на членови на семејства кои се соочиле со ваков вид на социјален ризик.

   - Вкупно финансиски средства: 150.000,00 денари

2. **Студентски стипендии – во форма на плаќање на државната партиципација за студирање за деца од семејства во социјален ризик**

   Средствата за стипендиите ќе се исплаќаат по поднесено барање од страна на студенти кои врз основа на постигнатиот успехот обезбедиле прием на некој од државните универзитети во државна квота на финансирање.

   - Вкупно финансиски средства: 36.000,00 денари

3. **Поддршка на социјално ранливи семејства кои имаат талентирани деца кои се истакнуваат во областа на културата, спортот**

   - Вкупно финансиски средства: 30.000,00 денари.

4. **Достава на храна и лекови во зимски и отежнати услови кај стари и изнемоштени лица.**

   - Вкупно финансиски средства: 5.000,00 денари.

5. **Набавка на социјални пакети**

   - Вкупно финансиски средства: донација

6. **Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост 3 Декември**

   - Вкупно финансиски средства: 40.000,00 денари.

7. **Поддршка на активностите на Здружението на пензионери во Општината**
   - Вкупно финансиски средства: 20.000,00 денари.

8. **Новогодишни пакетчиња за деца од семејства во социјален ризик и деца со посебни потреби**
   - Вкупно финансиски средства: донација

9. **Медицинска сестра во заедницата**

Услугата Медицинска сестра во заедницата ќе биде достапна за жителите на општина Градско се со цел осигурување на здравствена и социјална заштита на граѓаните, а особено на лицата во социјален ризик. Оваа услуга опфаќа домашна посета од медицинска сестра во домот, психолог во домот и/или физиотерапевт во домот.

- Вкупно финансиски средства: 20.000,00 денари.

## III. ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Согласно Закон, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.

Помеѓу надлежностите на Општината од областа на детската заштита се вбројува и згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст. Како што напоменавме погоре во Програмата, во Општина Градско функционира Клон на детската градинка Димче Мирчев од Велес и засега оваа надлежност на општината за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се покрива по пат на меѓуопштинска соработка со Општина Велес.

**ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ТЕКОТ НА 2026 ГОДИНА СЕ СЛЕДНИТЕ:**

1. **Бесплатна градинка** - проект кој има за цел да им ги олесни финансиските трошоци на сите родители кои имаат мали дечиња, со оглед на целокупните последици од екомонската криза и поскапувањето на скоро сите основни продукти неопходни за живот.

Во овој момент детската градинка располага со 50 места за згрижување на деца на возраст од 2 до 6 години кои месечно плаќаат партиципација во висина од 1.500 денари месечно.Средствата потребни за покривање на месечниот трошок Општина Градско ќе ги покрие од својот буџет почнувајќи од 01.01.2026 година.

Пополнувањето на бројот на деца кои ќе бидат примени во градинка ќе се одвива по веќе воспоставениот ред на чекање за пополнување на испразнети места.

| |
|---|
| **2.Континуирана обнова на нагледни и дидактички средства согласно потребите на детската градинка во Градско во текот на годината**<br>• Вкупно финансиски средства: 30.000,00 денари. |
| **3.Остварување право на еднократна парична помош во износ од 20.000,00 денари за секое новородено дете, освен за второродено дете каде висината на средствата е 60.000,00 денари.** |

## IV. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Во поглед на надлежностите во сферата на здравствената заштита на територијата на Општина Градско, активно ќе се вклучиме во промовирањето на здрави стилови на живеење, подигнување на јавната свест и здравствената култура со цел намалување на опасностите и здравствените проблеми кај граѓаните.

Општината ќе поддржи проекти кои ќе се однесуваат на промоција и унапредување на правата на пациентите, поддршка на кампањи за подигнување на јавната свест за сопственото здравје, ќе ги информира граѓаните за состојбата на евентуални заразни болести на територијата на Општината и секако ќе се вклучи активно во организирање на трибини и советувања од областа на здравствената заштита.

| |
|---|
| **1. Промотивни активности и организација на трибини**<br>• финансиски средства: 10.000,00 денари. |
| **2. Обезбедување на социјални пакети со средства за одржување на хигиена**<br>• финансиски средства: донација |
| **3. Поддршка на активностите на крводарителите во Општина Градско**<br>• финансиски средства: 30.000,00 денари. |

## V. БУЏЕТ.

За реализација на активностите и проектите предвидени со оваа програма дел потребните финансиски средства ќе бидат планирани и обезбедени од Буџетот на општина Градско за 2026 година, но притоа ќе се настојува дел од истите да бидат обезбедени од донации и спонзорства.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Комисијата за финансии и локален економски развој формирана од страна на Советот на Општина Градско, за секое барање поединечно, односно градоначалникот, во зависност до кого е доставено

барањето, а одобрените средства ќе се уплаќаат на трансакциона сметка на барателот/граѓанинот.

Согласно член 11 од Законот за социјална заштита, Општините донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, врз основа на социјалниот план на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, а во согласност со Националната програма за социјална заштита. Програмите од ставот 1 на овој член се доставуваат до Министерството на мислење.

Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година, ќе се применува по добивање на позитивно мислење од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Совет на Општина Градско
Претседател

________________________

Драгана Данева